***Аида Ислам***

# *Музиката во обредите на Бекташите од село Канатларци*

## *Вовед*

Од дванаесетте основни дервишки редови, Бекташтвото е братство кое по многу нешта се разликува од другите дервишки редови. Од тие причини таа е една од сектите во сферата на мистичната теософија која привлекува најголемо внимание.

Во Македонија и денес опстојуваат повеќе бекташки текиња. Според етничката структура, припадниците на речиси сите бекташки текиња се од албанската заедница. Единственото активно теке чии припадници се Турци е текето “Дикмен Баба” во с. Канатларци (Прилеп). Оттука произлезе идејата за фокусирање на нашиот интерес кон ова бекташко теке кое, воедно, се смета за едно од најстарите бекташки текиња во Македонија.

И покрај тоа што *Дервишката верска заедница* во 2000 год. е регистрирана и легитимизирана во рамките на државните институции, таа сеуште не е признаена од страна на *Исламската верска заедница* на Македонија. Како резултат на усилбите на *ДИЗ,* нејзиното официјализирање од страна на *ИВЗ* се очекува во текот на 2007 год., што претставува уште еден повод поради кој се определивме бекташтвото да го сочинува предметот на нашиот интерес.

Со оглед на тоа дека во рамките на научните истражувања во нашето опкружување Бекташтвото не било предмет на поекстензивни истражувања, во почетокот на текстот изнесуваме поопшти податоци за настанокот и развојот на овој дервишки ред, како и карактеристиките на музиката што се практикува за време на духовните обреди.

Во продолжетокот на текстот се осврнуваме кон Бекташтвото во Македонија со посебен акцент врз бекташкото теке во с. Канатларци кое егзистира веќе седум столетија.

### *1. Историска ретроспектива и карактеристиките на дервишкиот ред Бекташи*

Бекташтвото се дефинира како мистична школа која произлегува од Јесевизмот (основачот е Ахмет Јесеви, починал во 1166) (Fığlalı, 1991: 142). Иако идејната платформа на основоположникот на овој дервишки ред – Хаџи Бекташ Вели (XIII век) се засновала врз Куран'от, подоцна се јавуваат извесни хетеродоксни размислувања кои доведуваат до трансформација во традицијата на овој дервишки ред (Coşan, 1996: 1-10). Всушност, "еретската" шиитска доктрина која е главниот белег на овој дервишки ред не произлегува од основоположникот, туку е интегрирана од страна на Бал'м Султан во XVI век (http://www.beyond-the-pale.co.uk/albanian4.htm).

Во идеологијата на Бекташите, инаку следбеници на имамот Али, се наоѓаат елементи од Јесевизмот, Шаманизмот и Будизмот (Malkolm, 1998:134; Светиева, 1993: 103) поради што се дефинира и како "хетеродоксен Ислам".



*Имамот Али*

Оттука произлегуваат и непридржувањата кон сунитските прописи, како на пример: постот, апстинирањето од алкохол, молитвите што се задолжителни петпати на ден и т.н.  Освен тоа, ова е единствениот дервишки ред кој во духовните обреди ги интегрира и жените давајќи им еднаков третман со мажите (Bektashiyah: 213).

Кај Бекташите постојат неколку нивоа во хиерархиското подредување: *ашик* (I степен), *мухип* (II степен), *дервиш* (III степен), *муршид* или *баба* (IV степен), *халифа баба* или *деде баба* (V степен). Преминот кон повисокиот статус се овозможува со 12 годишен стаж во претходното ниво.

Суштината и целта на Бекташтвото се целината меѓу “Господ-универзум - човек”. Според нивната идеологија човекот е битие кое треба да се сака и тој има божји особини. Првиот стадиум на успех е човекот самиот да се запознае и да се сака себеси, бидејќи оној што се сака себеси го сака и Севишниот (Cihangir, “Bektasiler ve Bektasilik”).




*Имамот Али и единаесетте имами - придружници*

Основната карактеристика на бекташките обреди е мистичноста заради што сознанијата за нив датираат  од поново време и се потпираат врз усните преданија.

Интересно е дека нивните текиња се формирале главно во периферните делови на населените места. Тоа е, веројатно, резултат на нивниот опозициски став спрема Сунитите кои, инаку, биле во мнозинство. Членовите на овој ред главно биле регрутирани од руралната средина: ситни поседници, занаетчии, ситни трговци и др. (Čehajić, 1986: 174).

Во 1826 година, во времето на султан Махмут II, е донесен декрет за укинување на дејноста на овој дервишки ред. Со овој декрет повеќето од текињата се затвораат или, пак, продолжуваат да работат под закрилата и под името на дервишкиот ред Накшибенди (Gündüz, 1984: 142).

Со забраната на дервишките редови во Турција донесена од Ататурк во 1925 година, раководството на Бекташите се преселува во Албанија.

### *1.1. Музичките карактеристики на бекташките духовни обреди*

Духовните ритуали на Бекташите во голема мера се разликуваат од другите дервишки редови. Музичките форми и инструментите што се употребуваат во текот на духовните обреди се поблиски до световната музичка сфера. Бекташката литература се смета како продолжување на народната литература, а бекташката музика за дел од народното музичко творештво (Yahya, 2001: 63). Влијанието на класичната турска музика било присутно во музичките форми на Бекташите во Истанбул, а во периферните делови на Империјата – Румелија и Анадолија, музичките форми имаат локални карактеристики (Ergun, 1942: 412).

Духовните композиции на дервишкиот ред Бекташи не се дела на некои од значајните музичари, како што е случај со музичкиот репертоар на повеќето дервишки редови (особено Мевлевиите). Според некои податоци, тоа се дела на припадниците на народните музички кругови, таканаречени ашици (*ашици* = епски поети - пејачи). Причината лежи во

нивната идеологија која не се согласува со сите начела на исламската религија. Од тие причини нивното дејствување не било сосем одобрувано од страна на властите, поради што најчесто било и во тајност (всушност, и самиот збор Бекташи значи таен, мистериозен) (Ergun, 1942: 9).

Двете литургии што ги сочинуваат бекташките ритуали се:

1) А*јин-и џем* (вообичаените обреди) и

2) *Икрар ајин* (по повод примање нови членови) (Özcan, 1992: 371-2).

Духовниот обред започнува со изведба на делови од Куран'от, потоа се изведува формата *салат* посветена на пророкот Мухамед (а.с.) и особено на имамот Али и неговите потомци. Потоа следува изведбата на "Мевлид-и Али" (еден вид Мевлид чиј автор на текстот е Исмаил Сафави) без придружба на инструменти.

Во текот на обредот се користат музичко-поетските форми *нефес и газел* (бекташки духовни химни и поеми), а водено се изведуваат и *мерсии* за имамот Хусеин и за другите жртви од битката на Кербала (каде што имамот Хусеин бил погубен) (Talu, 2000:16).



*Битката на Кербала*

Авторите на некои од текстовите се еминентни поети најчесто припадници на овој дервишки ред, кои длабоко навлегле во суштината и

филозофската заднина на бекташтвото. Меѓу нив ќе ги истакнеме: Јунус Емре, Пир Султан Абдал, Босневи и др.

Меѓу текстовите на нефесите во кои најчесто се велича имамот Али, неретко се среќаваат и дела на автори кои не се припадници на овој дервишки ред (како на пример Хаџи Бајрам Вели - основоположник на дервишкиот ред Бајрами и др.) (İnançer, 1999:130).

Привлекува внимание фактот дека некои видови од формата нефес како, на пример, десте нефес (*deste nefes*), се пеат во два или три гласа. Се јавуваат и некои видови имитации како и лежечки басови тонови што претставува еден вид хармонија која во суштина не е својствена на турската музика (види Larousse: 437). Што се однесува на усулот, најфреквентниот ритмички образец е *Аксак ритам* (9/8 такт).

Изведувачите на бекташката музика се нарекуваат *захир* или *ашик.* Од музичките инструменти се употребуваат жичените инструменти, како на пример: саз, тамбур, баглама и т.н. Во градските средини се среќаваат: тамбур, уд, ребаб или кудум (İnançer, 1999: 131). Употребата на жичените инструменти во обредниот ритуал е една карактеристика која повторно се коси со исламската доктрина. Всушност во Исламот е дозволена употребата на ударните инструменти бидејќи тие не поттикнуваат нарушување на моралните и етичките кодекси пропишани од верата (Roychoudhury, 1957: 43-102; Mahmutčehajić, 1974: 142).

Во текот на бекташките духовни обреди, покрај пеењето духовни композиции, се практикува и танцување кое се нарекува *сема.* Тоа е ритуален танц кој се изведува во придружба на вокално – инструменталните музички форми. Најпознатите танци во бекташките ритуали се *К'рклар Сема* (*Танцот четириесет*) и *Турналар Сема* каде што движењата ја илустрираат поврзаноста со шаманистичкото наследство и трансформацијата на шаманите во птици кои летаат (http://www.cafeturc.com/index.php?dil=eng&sanatci=169. Turkish music).

Кај градските бекташки текиња танцот се практикувал во второт дел од зикирот. За време на танцот се изведувале нефеси со пожив карактер наречени “Шахлама хаваси” (“*Şahlama Havası”*) (Inancer, 1999: 682).

## 2. Дервишкиот ред Бекташи во Македонија

Оваа гранка на мистицизмот била широко распространета низ Балканот. Всушност, првите пробиви се направени уште во XIII век, пред доаѓањето на Османлиите во овие предели како резултат на активноста на дервишите кои патувале или се населувале во овие региони (Noyan, 1987: 148). Еден од нив бил и дервишот Сари Салтук кој во 1263 год. се доселил во овие региони заедно со 12000 туркменски семејства (Gölpınarlı, 1995: 44). Како негов современик се спомнува името на Сејид Али (Noyan, 1999: 17), а нивни следбеници биле Акјазили Султан, Отман Баба, Али Коч Баба, Демир Баба и др. (Yılmaz- Coşkun, 2006).

Другиот фактор кој придонесол за проширувањето на овој дервишки ред на Балканот е јаничарско-бекташката релација (Trimingham, 1971: 80-83). Јаничарите се сметаат за лулка на овој дервишки ред (Koçu, 1964: 297).

Во времето на Османлиите во Македонија биле активни 12 бекташки текиња. Двете од нив - *Мустафа Баба теке* и *Сулејман Баба теке* (изградени во XIX век) се наоѓале во Скопје (Hafiz, 1976: 60).

Едно од најзначајните и највлијателни текиња било *Арабати Баба теке* во Тетово изградено во XV – XVI век од страна на Серсем Али Баба (Kalafat, Y.: www.teke/harabatibaba_teke.htm). Со декретот за забрана на дејствувањето на бекташките текиња во Османлиската држава, во 1826 година се затвораат речиси сите текиња на овој дервишки ред во Македонија, меѓу кои и *Арабати Баба теке* (Izeti, 2003: 245).

Со повторното активирање во 1870 година, ова теке имало значајна социокултурна улога за целата околина. Текето придавало големо значење на уметностите – литературата, музиката и сликарството. Ова се

потврдува од поетските форми напишани на паноа или на надгробни плочи, сликите што се останати на некои од ѕидовите на текето, како и пронајдените музичките инструменти (сазови), (Yahya, 2001: 62-75).

Меѓу другите бекташки текиња кои дејствувале во урбаните и руралните средини во Македонија ќе ги спомнеме следниве: *Хусеин Баба* (Битола), *Хамза Баба* (Штип), *Хаџе Баба* (Велес), *Мухарем Баба* (Кичево), *Али Баба* (Дебар), *Дикмен Баба* (с. Канатларци), *Х'д'р Баба* (М. Брод), две текиња во Преспа, *Камбер Баба* (с. Каратманово), *Јусуф Деде* (с. Џумали), *Илми Деде* (с. Татарли) и др. (Izeti, 2003: 248-9).

Денес со активна дејност се одликуваат текињата *Арабати Баба* во Тетово, *Дикмен Баба* во с. Канатларци, *Х'д'р Баба* во М. Брод и *Халифе Зија Баба* во Кичево.

Едно од бекташките текиња кое речиси не доживеало застој во своето дејствување во текот на повеќевековното егзистирање е текето *Дикмен Баба* во с. Канатларци (Прилеп).



*Внатрешноста на текето Дикмен Баба*

## *3. Карактеристиките на Бекташкиот одред  во с. Канатларци*

*3.1. Историска ретроспектива*

Бекташкото теке *Дикмен Баба* во с. Канатларци претставува единственото активно бекташко теке во Р. Македонија чии  следбеници во целост се припадници на турската етничка заедница. Нивната доктрина се заснова врз филозофијата на 12-те имами и основоположникот на овој дервишки ред Хаџи Бекташ Вели.

Осумдесет проценти од населението на ова село (чии корени инаку се протегаат до Конја - Турција) се припадници на бекташкиот одред, додека само 20 % од населението се припадници на сунитскиот огранок. Разликите меѓу Бекташите и Сунитите се однесуваат на религијата и духовните ритуали,  а световните обреди им се идентични.

Основоположникот на текето е Дикмен Баба од Хорасан, кој според исказите на дервишите на ова село, се населил на овие простори уште пред доаѓањето на Османлиите. Според тврдењата, Дикмен Баба му бил ученик на Х’д’р Баба кој го основал бекташкото теке во М. Брод.

Текето *Дикмен Баба* се смета за едно од првите бекташки текиња формирани во Македонија. Ова се потврдува и со надгробната плоча на Дикмен Баба на која стои запишано 1288 година.



*Турбето на Дикмен Баба*

Турбето на Дикмен Баба претставува култен центар за бекташкиот ред во овој регион и често е посетуван од страна на дервишите (особено за време на празниците Бајрам). Покрај Дикмен Баба, овдека се наоѓа турбето и на уште еден духовен лидер - Кут Деде Султан (исто така по потекло од Хорасан), кој, според тврдењата на дервишите, дошол во овој крај пред Дикмен Баба (од разговорот со Џафер Баба, 3.01.2007).

Ова теке, кое го носи името на основоположникот било едно од најактивните текиња и во османлискиот период.

Во текот на повеќевековното егзистирање на ова теке, со својата активност се истакнале голем број бекташки лидери. Меѓу нив се: Дикмен Баба, Кут Деде, Ејат Деде, Демир Баба, Исмаил Баба, Мустафа Баба, Халифе Сулејман Баба, Иса Баба, Идриз Баба, Муса Баба, Џафер Баба, Халифе Х’д’р Баба, Халифе Абаз Баба, Халифе Зија Баба, Халифе Исмаил Баба, Ашим Баба, Муса Баба, Вејсел Баба, Коџа Сеид Баба и др.




*Муршидот на текето “Дикмен Баба” - Џафер Баба за време на мухабет*

Актуелниот духовен лидер – муршид на текето *Дикмен Баба* е Џафер Баба.

### *3.2. Духовни обреди*

Духовниот обред кај бекташкиот дервишки ред во с. Канатларци се нарекува *мухабет* и се состои од вербална комуникација, како и од

изведба на музички форми. Во вербалниот дел се водат разговори за суштинските прашања, како и за филозофските аспекти на овој дервишки ред. Од тие причини е дозволено присуство само на припадниците на ова братство.

Постојат два типа мухабети во бекташтвото кои се применуваат во дервишкиот ред Канатларци:

1) *Арифане мухабети* – обреди што се одржуваат секој четврток вечер и

2) *Официјални мухабети* што се одржуваат во посебни пригоди.

Обредот *арифане,* кој се одржува редовно секој четврток, има понеформален карактер. Тој се одржува во просториите на текето. Започнува непосредно пред заоѓањето на сонцето и трае до доцните ноќни часови.



*Дервиш Сабајдин*

Основната цел на овие обреди е вербалната комуникација со цел да се дискутира за евентуални постојни проблеми кај припадниците на дервишкиот ред и нивното опкружување.

Ритуалот започнува со изведба на музички форми. Се изведуваат најмалку три нефеси во придружба на жичениот инструмент саз.

По дискусијата меѓу духовниот лидер (муршид) и дервишите, може да биде послужена и закуска, иако тоа не е задолжително за собирите од овој вид.

Вториот вид мухабети, што имаат официјален и свечен карактер, имаат големо значење за Бекташите во Канатларци. Овој тип ритуали се практикуваат за време на празниците Курбан Бајрам, Ашуре и Невруз, како и на церемониите по повод примање нови членови, односно назначување нови дервиши.

Покрај наведените поводи, мухабети од овој вид може да бидат организирани по иницијатива на некој од дервишите. Оваа иницијатива најчесто е поврзана со некоја интимна причина на семејството на дервишот. Во тој случај обредот се организира во домот на дервишот.

Во текот на годината се води сметка да бидат реализирани 12 свечени обреди, поради симболиката на бројот 12 кој асоцира на имамот Али и неговите 11 имами - следбеници.

### *3.2.2. Музичките и духовните карактеристики на обредите*

Со оглед на тоа дека обредите од официјален карактер содржински се покомплексни од неформалните собири, во продолжението на текстот ќе се задржиме на духовните ритуали од тој вид.

Официјалните духовни обреди, како што веќе спомнавме, се практикуваат за време на празниците *Бајрам, Ашуре, Невруз,* како и по повод *примање нови членови* во братството.

Ритуалот на Бекташите по повод празникот *Бајрам* започнува со собир на дервишите пред текето. Во текето најпрво влегува духовниот лидер кој накратко внатре се задржува сам. По кратко време влегуваат дервишите според дервишката старост (не според возраста, туку според дервишкиот стаж и хиерархијата во статусот).

Пред започнувањето на обредот се одржува молитва. Молитвата (намазот) претставува сегмент од исламската доктрина. Но, за разлика од

Сунитите кои се молат петпати дневно, Бекташите од ова теке тоа го прават само еднаш неделно, во петоците, како и за време на духовниот празник Бајрам.



*Пеење на џамиската духовна форма текбир за време на бајрамската молитва*

Пред почетокот на молитвата, се изведува духовната форма *Салат-у умије*. Оваа форма која се изведува колективно, се повторува 12 пати заради симболиката на бројот 12 (имамот Али и неговите 11 следбеници).

Во текот на петочните молитви бекташкиот имам е свртен со грб кон присутните дервиши, додека за време на молитвата по повод Бајрам, имамот е свртен со лицето кон нив (ваквиот начин на седење е спротивен на шериатските прописи). Во текот на молитвата се применуваат вообичаените духовни (џамиски – вокални) музички форми. Некои од нив бекташкиот имам ги изведува самостојно, додека некои од формите се изведуваат колективно.

Духовниот обред се отвора со изведбата на нефесот "Нијаз'на гелдим Дикмен Баба'нин" (*Niyazına geldim Dikmen Baba' nın*) кој претставува духовна химна на ова теке, а содржината се однесува на основоположникот на текето *Дикмен Баба*. Нефесот го изведува муршидот во придружба на жичениот инструмент саз.



*Ашици со саз за време на мухабет*

Всушност, секое теке има своја духовна химна со која се отвора ритуалот (во дервишкото теке во Кичево тоа е нефесот “Аглаја аглаја” – “Плачејќи”, во Тетово нефесот за Серсем Али итн.). Во продолжението на обредот следуваат уште два нефеса во колективна изведба на дервишите.



По завршувањето на музичкиот дел, следува дискусија во врска со содржината на испеаните нефеси. Се прави анализа на текстовите и се

извлекуваат главните поенти на бекташката филозофија изразена преку поетскиот јазик на авторите на текстовите.

По вербалната комуникација се поставува масата со мезиња на која најпрво се принесува сол, а потоа преостанатите мезиња и ракија. Конзумирањето алкохол е една од практиките на овој дервишки ред која не конвенира со исламските (шеријатските) правила. Овој дел од ритуалот се нарекува “дем”.



*Закуска за време на мухабет*

Во продолжението на духовниот обред следуваат изведби на уште три серии нефеси (секоја серија содржи по три нефеси) во изведба на различни групи дервиши (најпрво оние што седат од десната страна, потоа од левата страна на муршидот, а на крајот оние што се наоѓаат наспроти него). Меѓу нефесите задолжително се водат дискусии за нивната содржина. Всушност, најголемиот дел од вербалната комуникација во текот на духовните обреди, се однесува на духовните поеми претставени преку изведените нефеси. Вкупниот број нефеси кои се изведуваат во текот на целиот ритуал не смее да биде помал од 12.

Непосредно пред крајот на обредот се принесува вечера. На масата се поставува една свеќа како симбол за сонце, светлина и радост. Во

самата просторија уште во почетокот на ритуалот се палат 12 свеќи како симбол на дванаесетте имами. Пред да почне обедот се изведува нефесот со наслов “Шебери шубер муршитле рехбер” (*Şebberi Şubber Mürşidle Rehber*). Муршидот ги благословува присутните со што се заокружува формалниот дел од ритуалот.

По 5-6 часовната дружба духовниот обред завршува со заминување на дервишите, повторно според хиерархискиот статус.



*Ашуре* е празник кој се слави десеттиот ден од месецот Мухарем како csмбол на оплакување по повод погубувањето на имамот Хусеин (синот на имамот Али и внукот на пророкот Мухамед (а.с.)) во битката на Кербала. За овој празник се готви ашуре кое се дели и на немуслиманското население.

Овој празник се одбележува со 12 дневен пост како израз на жалење за смртта на имамот Хусеин. Постот подразбира апстинирање од вода (се заменува со јогурт и јаболка), храна од животинско потекло, лична хигиена (бричење, капење) и секаков вид забава. Во тој период не се одржуваат и духовните обреди – мухабети. Во текот на постот се практикува читање духовна литература за животот на пророците како на

пример “Саадете ермишлерин бахчеси” (“Saadete Ermişlerin Bahçesi”) од Фузули (од разговорот со дервиш Абдулмуталиб, 25.12.2006) .

Постот завршува три дена пред празникот Ашуре кога се коли курбан и се мрси.

За време на обредите се изведуваат нефеси чии содржини се поврзани со трагичниот настан на Кербала. Меѓу нефесите кои најчесто се изведуваат во оваа пригода се: *Гозлер ќор олсун – Очите да ослепат* (*Gözler kör olsun*), *Мухабет кап’с’н’ ачајим дерсен – Акоречеш да ја отворам вратата на мухабетот* (*Muhabbet kapısını açayım dersen*) од Босневи, *Еј Фатиме* (*Ey Fatime*) од Мустафа, *Бугун бизе пир гелди – Денес пирот дојде кај нас* (*Bugün bize pir geldi*) од Јунус Емре и др.



*Жените - учесници во духовните обреди*

*Невруз* претставува еден од најважните празници за Бекташите. Овој празник, кој го претставува роденденот на имамот Али, започнува на 21 март и се слави три дена. Првите два дена прославата ја изведуваат мажите, последниот ден жените. Прославите започнуваат напладне и траат до вечерните часови. Кај женскиот собир единствениот присутен маж е муршидот.

Содржината на нефесите главно се однесува на имамот Али. Во текот на изведбата на нефесите кај женскиот дел од прославата нема присуство на музички инструменти. Во текот на трите дена се изведуваат околу 100 нефеси.

Меѓу нефесите се водат дискусии за историските аспекти на Бекташтвото, за припадниците на потесното семејство на имамот Али (*Ehli Beyt*). Со оглед на послободниот карактер на овој празник, на обредите е дозволено присуство и на оние што не се дервиши, како и припадници на сунитската заедница.

Духовен обред од најзатворен тип е оној што се одржува во чест на примање нови членови во дервишкиот ред. Овој обред што се нарекува *Ерканл'к мухабети* се одржува три до петпати годишно. Еден од нефесите кој неизоставно се изведува во овие пригоди е "Шу мерхамет х'ркас'н'" од познатиот поет Несими (*Şu merhamet hırkasını).*

### *3.3. Музичките форми и музичките инструменти во обредите*

Музичките форми застапени во духовните обреди на Бекташите од текето *Дикмен Баба* се нефесот и поретко газелот.



*Ашици во текето "Дикмен Баба"*

Покрај традиционалните нефеси наследни од минатото, во духовните обреди на Бекташите од с. Канатларци понекогаш се изведуваат и нефеси кои се дела на локалните автори. Овие нефеси се најчесто дела на ашиците кои се одговорни за вокално инструменталната изведба во текот на духовните обреди. Во текот на мухабетите на овој дервишки ред во моментов активно учествуваат двајца ашици.

Според својата структура, мелодиското движење на духовните форми што се изведуваат за време на обредите многу наликуваат на световните рурални музички творби. Во прилог на ова е и фактот дека најголемиот број од нефесите кои се актуелни во духовните обреди на текето *Дикмен Баба* се изградени врз пентакордот на макамот Хусејни, што е основна карактеристика на руралниот фолклор на турското население од тој регион.



Најфреквентниот ритмички образец кај нефесите е усулот Софјан (4/4) што повторно конвенира со ритмичкиот образец карактеристичен за руралниот фолклор во овие региони (види Ислам, 2005). Покрај Софјан, често се среќава и усулот Девр-и Туран (7/8), како и слободниот ритам.

Нефесите имаат официјален карактер што е евидентно и со строгоста при положбата на телото во текот на изведбата (се седи на

колена). Во текот на духовните ритуали се изведува и музичката форма *газел* која има послободен карактер.

Изведбата на овие музички форми најчесто е колективна во придружба на еден или два саза.

Освен џамиските духовни форми кои се применуваат во текот на молитвата и кои се на арапски јазик, другите музички форми (нефесите и газелите) се изведуваат на турски јазик.

*3.4. Духовни танци - сема*

Во бекташката практика постојат повеќе регионални варијанти на танцот. Така, танцот во текето “Дикмен Баба” се применува само во посебни пригоди по барање на муршидот. Во текот на годината, од вкупно 12 официјални обреди, танцот се интегрира само во 3-4 мухабети: при прогласување нов член или по повод некој од значајните бекташки празници.



*Сема*

Во ова теке се практикуваат два вида танци: 1) Танцувачка сема и 2) Гајип сема.

Во првиот вид сема, присутните дервиши танцуваат во двојки (мажи-жени). Танцот најчесто го изведуваат три двојки кои танцуваат еден наспроти друг. Во отсуство на жени, танцот се одвива меѓу мажите.

Вториот вид сема претставува пасивен танц кој се изведува во седечка положба. Со взаемно вкрстување на рацете меѓу дервишите се создава еден ланец кој се протега до муршидот

На духовниот обред, кој се одржува по завршувањето на постот за време на празникот Ашуре, покрај пеењето, по барање на муршидот, може да се интегрира и танцот *гајип сема*.

Според толкувањата на дервишите, танцот е средство за прочистување на гревовите и начин за непосредна комуникација со Севишниот.

Во текот на танцот се изведува нефесот *"Птици, дали го видовте Али*" (*Turnalar Ali'yi gordunuz mu*).

***Заклучок***

Од нашите истражувања во врска со Бекташкиот дервишки ред во Македонија дојдовме до следниве заклучоци:

- Бекташтвото е едно од најзастапените дервишки одреди во Македонија.

- Од повеќето бекташки текиња кои се активни во Република Македонија, текето во с. Канатларци е единствено чии припадници се од турската етничка заедница.

- 80% од населението на с. Канатларци се припадници на овој дервишки ред додека другиот дел од населението се Сунити.

- И покрај разликите во верските определби, секојдневните световни обреди и обичаи кај населението се идентични.

- Бекташкото теке "Дикмен Баба" во с. Канатларци, формирано во XIII век, се смета за најстаро бекташко теке во Македонија.

- Ова е едно од бекташките текиња кое речиси и немало застој во активноста во текот на повеќевековното егзистирање.

- Во духовните обреди – мухабети кои се одликуваат со автентичност, сé уште се задржани сите сегменти на традиционалните бекташки ритуали.

- Музиката претставува многу значаен сегмент од духовната литургија на ова теке.

- Во изведбата на овие музичко-поетски форми учествуваат и жичените инструменти - сазови.

- Според својата градба (маками и усули), нефесите се многу слични на световното рурално фолклорно творештво.

- Духовните музички форми се изведуваат колективно или од страна на инструменталистите што се нарекуваат ашици.

- Покрај поетските творби на еминентни поети, во духовните обреди се интегрираат и нефеси што се дела на локалните автори.

- Кај одреден број мухабети се интегрира и духовниот танц – сема.

- На духовните обреди во ова теке земаат учество и жените како полноправни членки на заедницата.

## *Библиографија*


**Gölpınarlı, Abdülbaki.** 1995. *Vilayetname, Menakıb-ı Hünkar Hacı Bektaş Veli.* İstanbul

**Gündüz, İrfan**. 1984. *Osmanlılarda Devlet-Tekke Münasebetleri*. İstanbul

**Ergun, Nüzhet Sadeddin**. 1942. *Türk Müsikisi Antolojisi*, cılt 1. Istanbul

**Izeti, Metin.** 2003. *18. ve 19. yuzyilda Balkanlarda tasavvuf akimlari* (doktorski trud vo rakopis)

**Inancer, Tuğrul Őmer.** 1999. *Osmanlı Musikisi Tarihinde Tasavvuf Musikisine Bir Bakış*. Osmanlı Kűltűr ve Sanat, cilt 10. Ankara

**Ислам, Аида**. 2005. *Одразите на отоманската музичка култура во современата музичка култура на турската заедница во Република Македонија* (докторски труд)

**Yahya, Abaz.** 2001. *Makedonya`da Tekkeler ve Tekke Musikisi* (magisterski trud)

**Yılmaz, Ali & Coşkun Kökel**. 2006. *Ali Koç Baba ile ilgili kısa bir değerlendirme ve iki yeni secere*

**Koçu, Reşad Ekrem.** 1964. *Yeniçeriler.* İstanbul: Koçu Yayınları

**Larousse** – *La Musique des Origines a nos Jours*. Paris: Libraire Larousse

**Малколм, Ноел**. 1998. New York: New York University Press

**Mahmutčehajić, Rusmir.** 1974. *Zapis o muzici iz 1767. godine kodeksa iz Gazi Husrev – Begove biblioteke u svjetlu nekih karakteristika muzickog folklore Bosne i Hercegovine.* Saraevo

**Noyan, Bedri**. 1999. *Seyyid Ali Sultan Velayetnamesi*. Ankara

**Nuri, Özcan.** 1992. *Bektaşi Musikisi*. İstanbul: TDVİA

**Nurı, Ö.** 1999**.** *17. ve 18. Yüzyıllarda Osmanlılarda dini musikisi*. Osmanlı Kultür ve Sanat, cilt 10. Ankara

**Roychoudhury, M.L**. 1957. *Music in Islam*. Journal in Asiatic Society of Bengal 13, II

**Светиева, Анета.** 1993. *Бекташите (Бегинци) во Преспа како верска и етничка заедница*. Етнолог (3)

**Talu, R. Hakan.** 2002. *Aşk ile…İstanbul*: Pan Yayıncılık

**Fığlalı, Ethem Ruhi.** 1991. *Türkiye de Alevilik – Bektaşilik.* Ankara

**Hafız, Nimetullah.** 1976. *Yugoslavya'da Bektaşi Tekkeleri*. Priştine, Çevren, sy. 11

**Čehajić, D.,** 1986. Derviski redovi u Jugoslovenskim Zemljama. Sarajevo

**Cihangir Gener** .*Bektasiler ve Bektasilik*

**Coşan, Esad**. 1996. *Makalat ı Hacı Bektaş ı Veli* (sad. Hüseyin Özbay). Anakara

**Anthony Weir.** *The Bektashi Order of Dervishes*. http://www.beyond-the-pale.co.uk/albanian4.htm

http://www.beyond-the-pale.co.uk/albanian4.htm

www.teke/harabatibaba teke.htm **Kalafat, Y**.

www.h**bektas**.gazi.edu.tr/portal/html/modules.php?name=News&file=article&sid=611 - 47k. **Yılmaz-Coşkun**

**http://www.cafeturc.com/index.php?dil=eng&sanatci=169**. Turkish music